**20192443806**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за електронско управување и електронски услуги,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 21 ноември 2019 година.

Бр. 08-6209/1
21 ноември 2019 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ И ЕЛЕКТРОНСКИ УСЛУГИ

Член 1

Во Законот за електронско управување и електронски услуги („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 98/19), членот 49 се менува и гласи:

„Член 49

(1) Членот 9 став (3) и членот 12 став (5) од овој закон кои се однесуваат на одредбите од Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги ќе се извршува во согласност со одредбите од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис, се до денот на започнувањето на примената на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.

(2) Членот 8 став (1) и членот 18 став (2) од овој закон ќе се применуваат во согласност со одредбите од Законот за податоците во електронски облик и електронски потпис и Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги, се до денот на започнувањето на примената на Законот за електронски документи, електронска идентификација и доверливи услуги.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.